# СЛУЖБЕН ВЕСНИК
## НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

„Службен весник на СРМ“ излегува по потреба. Ракописите не се враќаат. Огласи по тарифата.

Сабота, 2 август 1969
Скопје
Број 30 Год. XXV

Претплатата за 1969 година изнесува 60 динари. Овој број чини 1,60 дин. Жиро сметка бр. 401-1-16

**283.**

Народот на Социјалистичка Република Македонија,

одбележувајќи ја дваесетипетгодишнината на сопствената држава, во која ги оствари своите историски стремежи за национална слобода,

свесен и горд на судбоносниот миг кога другарот Јосип Броз Тито застана на чело на југословенските народи и ги поведе во заедничката борба за национално ослободување и независност,

сигурен дека единствено во братската и рамноправна заедница на југословенските народи се обезбедува сестран развав на неговите творечки сили за светла иднина своја и на здружените југословенски народи,

рамноправен, со југословенските народи, носител на разгорената битка за хумани демократски социјалистички односи и за изградбата на социјалистичкото општество,

е сведок на вистината дека очовечено, времето што доаѓа ќе биде време на оние идеали на македонската историја чија големина и смисла толку храбро, револуционерно и далековидно другарот Тито повеќе од три децении ја толкува.

Собранието на Социјалистичка Република Македонија,

длабоко свесно за големината на делото и историското значење на создавањето на македонската држава и изразувајќи ја беспределната благодарност на народот на Македонија,

на својата свечена седница одржана на 2 август 1969 година, по повод дваесетипетгодишнината од Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, донесува

**П О В Е Л Б А**

**за востановување и доделување**

**ЗЛАТНА СПОМЕНИЦА НА АНТИФАШИСТИЧКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА**

**на**

**ЈОСИП БРОЗ ТИТО**

**претседател на Социјалистичка Федеративна Република Југославија**

како трајно признание за неговите заслуги и придонес во создавањето и изградбата на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
**Никола Минчев,** с.р.

**284.**

Со цел трајно да се одбележи Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија — 2 август 1944 година и Демократска Федерална Македонија — рамноправен член во братската заедница на југословенските народи — во која се оствариja вековните идеали на народот на Македонија за своја државност, како и за да им се оддаде признание на членовите на ова Заседание, Собранието на Социјалистичка Република Македонија на својата свечена седница од 2 август 1944 година, врз основа на член 123 став 1 точка 9 и член 134 став 3 од Уставот на Социјалистичка Република Македонија, донесува

## ОДЛУКА

## ЗА ВОСТАНОВУВАЊЕ И ДОДЕЛУВАЊЕ СПОМЕНИЦА НА АНТИФАШИСТИЧКОТО СОБРАНИЕ НА НАРОДНОТО ОСЛОБОДУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

1. По повод дваесетипетгодишнината од Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, се востановува Споменица на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија (Споменица на АСНОМ).

2. Споменицата на АСНОМ се изработува од сребро во форма на круг со пречник од 9 сантиметри. На едната страна од Споменицата е изгравиран грбот на Социјалистичка Република Македонија, а под него текстот: Прво заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија 2 август 1944 година, заобиколен со ловорово венче. На другата страна од Споменицата е изгравиран манастирот Прохор Пчински со конаците во кои е одржано Првото заседание на АСНОМ и под него текстот Прохор Пчински.

3. Споменицата на АСНОМ се доделува на членовите на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија во знак на признание за нивното учество и придонес во создавањето на Социјалистичка Република Македонија.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
**Никола Минчев,** с. р.

**285.**

Одбележувајќи ја дваесетипетгодишнината на Првото заседание на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија, денот во кој народот на Македонија во заедничка борба на југословенските народи го оствари вековниот идеал за свое национално ослободување и создавање на сопствена држава; продолжувајќи го заветот на Илинден и одлуките на Првото заседание на АСНОМ за потврдување и издигање на националната култура во Македонија; настојувајќи да се создадат услови за широк размав на културата во целата Република како основа за идни врвни достигања на културното поле и за натамошен придонес на македонската национална култура во југословенската и светска културна ризница; со увереност дека културните жаришта во градовите ќе влијаат врз подигањето на општото културно ниво на населението и на позабрзаното изградување, развивање и продлабочување на самоуправните социјалистички општествени односи;

уважувајќи ја иницијативата на граѓаните, работните организации и општините и во сообразност со нивната готовност за учество со сопствени средства во изградбата на културни домови, како и со оглед на определената помош што за таа цел ќе ја додели Републиката од своите средства,

Собранието на Социјалистичка Република Македонија на својата свечена седница од 2 август 1969 година посветена на Првото заседание на АСНОМ

**О Д Л У Ч У В А**

1. Во периодот 1970—1975 година да се изградат спомен-домови на културата во 25 градови во Социјалистичка Република Македонија, како траен спомен на Првото заседание на АСНОМ.

2. Извршниот совет ќе му поднесе на Собранието на Социјалистичка Република Македонија предлог на закон за учеството на Републиката во изградбата на спомен-домовите на културата.

СОБРАНИЕ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседател,
**Никола Минчев,** с. р.

## СОДРЖИНА

Страна

283. Повелба за востановување и доделување златна Споменица на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија на Јосип Броз Тито — — — — — — — — — 625

284. Одлука за востановување и доделување Споменица на Антифашистичкото собрание на народното ослободување на Македонија — — — — 626

285. Одлука за изградба спомен-домови на културата 627

Издавач: „Службен весник на СРМ“ — издавачко претпријатие, Скопје, ул. „29 ноември“ бр. 10а. Пошт. фах. 51. Тел. 32-836. Одговорен уредник Петар Јаневски. Жиро сметка број 401-1-16 кај Службата на општественото книговодство. Печат. Графички завод „Гоце Делчев“ — Скопје.